архијерејски синод на МПЦ, биле создадени црковно-канонски услови за организирање на севкупниот живот на православните Македонци во прекуокеанските земји и Европа. Така, на една од првите седници на Светиот архијерејски синод, по разгледувањата на многубројните барања на македонските иселеници, била донесена одлука за преземање мерки за нивно прибирање во крилото на Македонската православна црква[19].

Но, што ќе се случи во меѓувреме за да се заборави и да се негира Одлуката од 1959 година, да се напуштат воспоставените сестрински односи и да се прават обиди за враќање на Македонската православна црква на позициите од пред Втората светска војна? По ова Српската православна црква сè почесто почнала да се меша во внатрешните работи на Македонската православна црква, па поради тоа ќе дојде до заладување на односите меѓу МПЦ и СПЦ, така што архијереите на Македонската православна црква биле принудени да го свикаат Третиот црковно-народен собор.

На соборот на 17 и 18 јули 1967 година се донела Одлука за канонско возобновување на Охридската архиепископија и прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква.

По конечното обновување на Охридската архиепископија во лицето на автокефалната Македонска православна црква, природно следувало отворање богословско училиште, во кое младите богослови ќе ги изучуваат богословските научни области на свој мајчин јазик. Затоа, Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, на својата редовна седница одржана на 26 септември 1967 година, под Син. бр. 38 (зап. бр. 12) 67, донел одлука за отворање на Македонска православна богословија, која ќе го носи името на патронот на Македонската православна црква – Св. Климент Охридски.

Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје е основан во 1977 година, десет години по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква. Тој, всушност, се смета за наследник на Светиклиментовиот универзитет. Името на факултетот го носи името „Св. Климент Охридски“, аналогно на основоположникот на културно-просветниот центар во Охрид, наречен Светиклиментов универзитет[20].

Во време на архиепископот Доситеј од темели била возобновена црквата, со сите нејзини витални органи: епархии, епископат, свештенство, црковни општини во татковината и во дијаспората, цркви и манастири, образование и просвета.

На 20 мај 1981 година, на 75-годишна возраст, по долго и тешко боледување, починал архиепископот охридски и македонски, Доситеј, првиот поглавар на Македонската православна црква.

19 Славко Димевски, op. cit., 1124.

20 Александар Атанасов, op. cit., 163.



ПРОФ. Д-Р **ЃОКО ЃОРЃЕВСКИ**
ДЕКАН НА ПБФ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

# СВЕТОТО ПИСМО ВО БЕСЕДИТЕ НА АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ

Првиот поглавар на возобновената Охридска архиепископија како Македонска православна црква, архиепископот Доситеј, е исклучителен лик, кој со својата појава се вметнува во еден одлучувачки историски момент како втемелувач на една народна црква, со што ја поставува и ја утврдува насоката во која ќе се одвива понатамошната современа македонска црковна историја. Познато е дека почетоците на возобновувањето на таа Македонската православна црква се случуваат уште кон крајот и непосредно по Втората светска војна. Во периодот што следува, како на иден архипастир секогаш се сметало и на тогашниот архимандрит Доситеј[1], за кого дури и во службените државни белешки се говорело со пофални зборови, како човек „морален и трудољубив“[2]. По Божја промисла, така и се случило. Уште како топлички епископ Доситеј присуствувал на одбележувањето на празникот

1 Борче Илиевски, „Улогата на топличкиот епископ Доситеј во разрешување на македонското црковно прашање 1951–1958 година: Прилог кон биографијата на поглаварот на Македонската православна црква по повод 110 години од раѓањето“, *Гласник* 60 (1/2016) 249.

2 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ. кут. 59, а.е. 70/514–525.

на Свети Климент во Македонија во 1951 година, кога отслужил света литургија во Скопје и потоа одржал беседа на современ македонски јазик[3]. И оттогаш, па сѐ до крајот на својот живот, тој не престанал да беседи и да го поучува од Бога доверениот му народ, по примерот на Свети Климента, имајќи го постојано Светото писмо како главен извор на неговите проповеди и слова.

Од изборот за поглавар на Македонската православна црква, па сѐ до неговото блажено упокојување, архиепископот Доситеј неуморно работи за унапредување на црквата во Македонија. Тој е исклучителен водач и архипастир, надарен проповедник и активен црковен работник, а за сето тоа признание ќе добие и од народот и од тогашното општество. Во една пригода тој беше истакнал: „Тежок е и ни малку лесен и едноставен патот до црковната слобода. Дури по изминувањето на повеќе од две столетија се заврши духовното ропство на македонскиот православен човек, полно со однародување и омаловажување. Сега отпочнува нова ера на самостоен живот.“ Сепак, и покрај недоразбирањата од страна на сестринската Српска православна црква за време и по процесот на македонското црковно возобновување, архиепископот Доситеј секогаш на тој чин гледал како на праведно решение засновано врз евангелската љубов, кое само уште повеќе може и треба да го утврди единството на верниот народ во Господа на овие наши простори. Па, така, во својот поздравен говор на свечениот ручек по извршената хиротонија на епископот преспанско-битолски Климент на 19 јули 1959 година во Сарај во Скопје, обраќајќи му се на српскиот патријарх Герман, Доситеј вели: „Навистина, ете го денот што го создаде Господ. Да се радуваме и веселиме во него (сп. Пс 117,24). Да се радуваме со големата евангелска и братска љубов што на Црквата ѝ е вратен мир и се создадени нови перспективи во кои и српскиот и македонскиот православен народ со своето свештенство, со поголема љубов во Христа ќе работат за доброто и престижот на својата црква и својата држава... Ете, обрнувајќи се во дадениот момент кон Вас, како кон миротворец на православието, ги повторувам зборовите на псалмопевецот: Благословен е тој што доаѓа во името Господово. Ве благословуваме од домот Господов (сп. Пс 117, 26; Јован 12,13)“[4]. Години подоцна, во својот говор при изборот за архиепископ охридски и македонски и скопски и прв митрополит македонски, потврдува: „Јас на чело на Македонската православна црква ќе се заложам за црковно единство, со што

3 Радмила Радић, *Држава и верске заједнице 1945–1970. Први део: 1945–1953*, Београд 2002, I/295; Доне Илиевски, *Архиепископот охридски и македонски Доситеј,* Скопје, 1995; 34.

4 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 82-83.



ќе придонесеме за доброто на православието, народот и нашата држава.“[5] И повторно, на неговата интронизација како новоизбраниот и устоличен архиепископ на 19 јули 1967 година во црквата „Свети Климент Охридски“ во Охрид, соопштувајќи ја одлуката за прогласување на автокефалност на Македонската православна црква, пред соборајните тој вели: „Благословен е Господ во вековите, зашто ја пружи својата света Божја волја да биде украсена со славата на своето старо достоинство – автокефалноста, та низ неа да се зацврстува силата на благочестието. Благословен да биде Бог и Отец на Господа Исус Христос, кој во Христа нѐ благослови со секаково духовно благословение на небесата (сп. Еф 1,3), та неговата Црква да биде и силна во возвестената вистина на спасението.“ Божјиот благослов, за кого Светото писмо изобилно говори и сведочи, според архиепископот Доситеј е основата врз која се заснова тој историски чин, за посведочување на евангелската вистина и зацврстувањето на Црквата. А, сето тоа би било неможно без благословот и поткрепата од Бога. Па, така, во истата беседа понатаму архиепископот говори: „Сознавајќи ги своите слаби сили, далеку недоволни за едно такво возвишено и одговорно дело, јас смирено ги преклонувам колената пред Божјото милосрдие, молејќи за нови сили и поткрепа.“[6] – „Бог е велик и Тој не ги остава своите во немоќ, а им дава сила за да го извршуваат Неговото дело за спасение на луѓето, благословен да биде Господ секој ден! Бог ни наложува бреме, но Тој и не спасува (сп. Пс 67,20)“, како и дека „светата црква се устројува и раководи од Божјиот Дух врз цврста основа, која е Христос Господ“ (1Кор 3,11)[7]. Свесен за огромното бреме што го понесува, но и за одговорноста пред Бога и пред народот, тој скрушено во истата беседа исповеда: „Одново моето благодарно срце е свртено кон благиот небесен Отец, од кого доаѓа секоја утеха и секој дар, со смирена молитва да го благослови овој, за нашата света црква исклучителен ден и да ги умножи моите сили, за да му принесам служба на Неговото сесвето име и за спасение на благочестивиот православен македонски народ.“[8]

## ЗА ЕДИНСТВОТО ВО МОЛИТВАТА

Темата за единството и молитвата, заснована врз библиските пораки, провејува речиси низ сите проповеди на архиепископот Доситеј, а посебно по повод осветувањето на новите цркви и манастири. Имено, за време на архипастувањето на Доситеј, а врз основа на неговите заложби, низ цела

5 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 21.

6 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 107.

7 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 22.

8 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 108.

Македонија се осветени многубројни новоподигнати и обновени цркви и манастири, и тоа не само во Скопската епархија туку и во цела Македонија, како и во прекуокеанските земји.

Па, така, на 12 јули 1967 година, по осветувањето на првата македонска црква „Свети Петар и Павле“ во Гери – Индијана, САД, архиепископот Доситеј во својата беседа, меѓу другото, рече: „Нека се просвети вашата светлина пред луѓето, да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот небесен Отец (сп. Матеј 5,16)! Нека вашиот храм биде место за молитва во која секојдневно ќе се принесува молитва... за мир во целиот свет, за мир меѓу вас самите, и така, ќе станете миротворци.“[9] На 18 април 1965 година во Торонто – Канада, при осветувањето на црквата „Свети Климент Охридски“, архиепископот во својата беседа истакнува: „ Нека секогаш се проповедаат најсветлите начела на нашиот Спасител, Господ Исус Христос: мир, љубов и добра волја меѓу луѓето, меѓу браќата, меѓу сите народи во светот, на децата од истиот Татко небесен. Нека овој величествен дом Божји, посветен на нашиот Свети Климент Охридски, ви биде ваше најмило место, во кое ќе се собирате на заедничка молитва, зашто е речено од нашиот спасител Господ Исус Христос: таму каде што се двајца или тројца во мое име, таму сум и јас (Матеј 18,20). Во оваа црква вашите срца и вашите души ќе ги затоплува спасоносното Евангелие на нашиот Господ Исус Христос...“ [10] Слична порака испраќа и при осветувањето на новиот храм „Свети Кирил и Методиј“ во Сиднеј, кога по отслужувањето на светата литургија на 22 јануари 1978 година, ќе потсети дека „Бог е насекаде и на секое место, но најмногу се доближува до нашата душа кога сме собрани заедно на молитва во осветениот Божји дом. Господ Исус Христос вели: Каде се собрани двајца или тројца во мое име, и Јас сум со нив (Матеј 18,20).“[11]

Молитвата е посебна тема и во беседата на архиепископот Доситеј при осветувањето на храмот во Гери – Индијана САД во 1963 година, кога се навраќа на големиот старозаветен библиски настан поврзан со семудриот цар Соломон и градбата на ерусалимскиот храм, па вели: „Кога премудриот цар Соломон го изградил храмот во Ерусалим и било приготвено сè за светите служби, застанал пред

9 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 187-188.

10 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 30-31; Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 192.

11 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 194. Слична порака упатува и на свеченостите по повод осветувањето на прводот македонски манастир во Мелбурн на 29 јануари 1978 година, кога повторно ќе истакне дека „Бог е насекаде и на секое место, но најповеќе се доближуваме до него кога сме собрани заедно на молитва во осветените Божји домови. Господ Исус Христос рекол: каде се двајца или тројца собрани во мое име, и јас сум со нив (Матеј 18,20)“; Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 197.



олтарот на Господа, пред еврејскиот народ ги подигнал своите раце кон небото и извикал: ‘Сака ли, навистина, Бог да живее на земјата? Ете, небото и небеса над небесата не можат да го опфатат, а камоли овој дом што го ѕидав јас. Но, погледај ја молитвата од Твојот верен слуга и на молитвата негова, Господи Боже мој, послушај го мојот вик и молитва... Секоја молба и секоја молитва од било кој човек од сиот народ Израилев, кој ќе ја познае маката на срцето свое и ќе ги издигне рацете во овој дом, чуј го од небото, од Твоето свето живеалиште, и секому дај според срцето, а ти ги знаеш срцата на сите синови човечки...’ (3Цар 8). Вака се молел Соломон барајќи да го освети Ерусалимскиот храм, кој, по својата големина и убавина, сведочел за љубовта и верноста на богоизбраниот народ кон Бога. Така се молеле и архијереите подоцна, кога ги осветувале нашите многубројни цркви и манастири ширум нашата драга татковина Македонија. Така се молиме и ние сега тука, длабоко верувајќи дека нашата молитва стигнува до Неговиот престол.“[12]

Во спомнатата проповед при осветувањето на храмот во Торонто во 1965 година, архиепископот додава: „Ве благословуваме заедно со вашите домови и вашите мили деца, со молба и за напред да живеете со љубовта Христова, која облагородува, зближува, вразумува и оспособува... Сите вие едно да зборувате и да не бидат расправии меѓу вас, но бидете зацврстени во еден разум и во една мисла“ (Фил 2, 3–16)[13]. Според архиепископот Доситеј, членовите на црквите треба постојано да се потсетуваат на оваа толку важна порака на светиот апостол Павле, со која се побарува еднодушност, едномислие и отсуство на кавги и расправии меѓу верниците, на сите, но посебно на оние што се во дијаспората. Слична е и Божикната порака до верниците во Европа, кога преку македонскиот час на Радио Келн, архиепископот советува: „Татковски ви препорачуваме да бдеете над верата во Бога и црковните традиции и обичаи на вашите татковци и дедовци. Бидете еднодушни и сложни во сè што е добро и свето. Сакајте се еден со друг (сп. Јован 13,34). Живејте во братска христијанска љубов со сите луѓе (сп. Рим 12,18).“[14]

## ЗА ГРАДЕЊЕТО НА ЦРКВАТА ВО ЕВАНГЕЛСКАТА ЉУБОВ И ЕДИНСТВО

За архиепископот Доситеј токму радоста за новите црковни градби во земјата и во странство е повод за потсетување за вистинската природа на црквата, таа која, впрочем, го осмислува и го дава вистинското значење на новоподигнатите храмови. На 12 јули 1963 година, по осветувањето на

12 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 28.

13 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 31.

14 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 213.

првата македонска црква „Свети Петар и Павле“ во Гери – Индијана, САД, архиепископот во својата беседа рече: „Затоа го изградивте и овој Божји дом, за да го крепите вашиот православен дух, да ја продлабочите вашата вера, да ја засилувате вашата љубов кон Бога и кон своите блиски. Тоа, всушност, е и намената на сите Божји домови на земјата. Светиот апостол Павле до Коринтјаните пишува: ‘Вие сте црква на живиот Бог. Како што вели Бог: ќе се настанам во нив и ќе живеам во нив, и ќе бидам Татко, а тие ќе бидат синови и ќерки (2Кор 6,18)’. На друго место апостол Павле вели: ‘Не знаете ли дека сте храмови на Бога и дека Духот Божји живее во вас... Храмот на Бога е свет, а тој свет храм сте вие’ (1Кор 3,16–17?) Затоа ние христијаните градиме ракотворни храмови, да ни помогнат самите полесно да станеме живи храмови на живиот Бог. Но тие храмови ќе бидат Божји само ако во нив влегуваме со чисто срце и ги направиме пријатно живеалиште за Бога. Треба да се стремиме кон прочистување од секоја нечистотија во телото и душата. Дај Боже вашите души да бидат удобно живеалиште за Бога.“[15] Апостолската поука го продлабочува сознанието дека храмовите се нарекуваат цркви, затоа што во нив се остварува заедницата од верни Христови чеда како црква, но и дека тоа повикува на одговорност и постојано прочистување на срцето и на умот.

Во иста насока се движи и богомудрата мисла на архиепископот Доситеј, кога при осветувањето на храмот во Колумбос, Охајо – САД во 1965 година ќе порача: „Нека во овој осветен дом божји биде секогаш присутна вашата молитва. Преку молитвата и чистата вера да го развивате сознанието дека сите сте деца на Таткото небесен и дека животот е вечен. Сето тоа ако го исполнувате, ќе станете живи храмови, а со тоа и свети, зашто е речено во Светото Евангелие: ‘Храмот на Бога е свет, тој храм сте вие’ (1Кор 3, 16–17). Затоа, ние, православните христијани, подигнуваме храмови во слава на Бога и Неговите светители, за да ни помогнат самите полесно да станеме живи храмови на живиот Бог. Но, тие храмови ќе бидат Божји само ако во нив влегуваме со чисто срце и ги направиме пријатно живеалиште на Животворниот Дух Божји. Треба да се стремиме кон очистувањето од секаква нечистотата во душите и телото. Дај Боже, вашите души да бидат пријатно и угодно живеалиште за Бога!“[16]

За вистинската природа на Црквата и за нејзината основа, кој е Христос, архиепископот Доситеј ќе потсети и на храмовиот празник во црквата „Свети Димитриј“ во Скопје, велејќи: „Каменот темелник на земната и небесната црква е нашиот Господ Исус Христос.

15 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 187; Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 28.

16 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 34.



На него се ѕидала, се ѕида и ќе продолжи да се ѕида светата Црква Божја се до крајот на светот“ (сп. Пс 117)[17]. Во една друга пригода, пак, во духот на Светото писмо, архиепископот ќе потсети дека нашето небо започнува овде и дека во оваа земна црква се подготвуваме да станеме учесници на небесната црква: „И најскромните дарбини што ни ги дал, ако ги употребуваме за Негова слава и прослава, ако со нив им служиме на нашите ближни, знајте дека преку тоа ќе се осветиме и приготвуваме да станеме ученици и членови на небеската црква... Ете, така се станува градител на Црквата Христова: да бидеме достојни за вградување во Божјата зграда.“[18]

## ЗА ЖИВОТОТ СПОРЕД ЕВАНГЕЛИЕТО И ПРАДЕДОВСКАТА ВЕРА

Во новоизградените цркви и манастири централно место зазема читањето и поучувањето во Светото писмо. Евангелието е неодминливо четиво, а пренесувањето на радосната вест непрекинато се објавува на секое црковно богослужение. Тоа е повод на 18 април 1965 година во Торонто – Канада, при осветувањето на црквата „Свети Климент Охридски“, архиепископот во својата беседа да рече: „Бидете секогаш свесни дека на ова место постојано ќе биде присутен Господ Бог, ќе биде присутен во светото Евангелие, чии божествени пораки ќе ги слушате на својот мајчин милозвучен јазик на секоја света литургија и на секога богослужба...“[19]

Евангелието треба да се чита, треба да се слуша, но уште поважно е да се послуша и живее според евангелските пораки. Тоа значи и дека „не е доволно да Го исповедаме Христа само со зборови. Потребно е да живееме во Христос и Христос да живее во нас; да мислиме со Него и да дејствуваме со Него, да бидеме вистински христијани“[20]. Во проповедта на Крстопоклона недела во црквата „Света Петка“ во Скопје, архиепископот ќе истакне: „Господ Исус Христос е центар на христијанскиот живот. Колку се доближуваме до него, толку стануваме поблиски и еден со друг. Ако ги исполнуваме христијанските должности спрема нашите блиски, животот ни станува и полесен и порадосен. Ако живееме богоугоден живот, ако воскреснатиот Христос ги осмислува нашите дела, Бог ќе нè награди – ќе воскреснеме за вечно

17 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1976) 214.

18 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1972) 214.

19 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 196. Во иста насока се развива богомудрата мисла на архиепископот кога на свеченостите по повод осветувањето на првиот македонски манастир во Мелбурн на 29 јануари 1978 година потсетува, велејќи: „Не заборавајте никогаш дека Господ ќе биде секогаш присутен на ова место. Ќе биде присутен во светото Евангелие, чии божествени пораки ќе го слушате на својот мајчин милозвучен јазик на секоја света литургија и на секоја богослужба...“, Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 197.

20 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 43.

блажен живот.“ [21] При осветувањето на храмот во Торонто – Канада во 1965 година, блаженејшиот архијереј свечено ќе потсети: „Овој е денот што го создаде Господ, да се радуваме и да се веселиме во него, зашто преку него и нашите молитви, денеска се сретнуваат Светиот Дух Божји со нашите души, Кој ги осветува и исполнува со радост, заедно со оваа наша светиња. Поради тоа, ние сите се радуваме со оваа возвишена, честита и надземна радост, која го облагородува срцето и ја подигнува човечката душа кон Бог... Големо дело е да се подигне црква, а посебно ваква величествена и монументална! Тоа сведочи дека сте вистински наследници на нашите прадедовци и дека на дело ги исполнувате аманетите оставени од нашиот Спасител кога ни вели: ‘Така треба да светне пред луѓето вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да го прославаат вашиот Татко небесен’“ (Мат 5, 1–16).[22]

Вистински христијанин е само оној чии дела говорат и сведочат за неговата вера. И, како такви, треба да послужат како пример за следба за сите луѓе. „Многумина ќе се запрашаат каде се наоѓаме ние сега? Каде сме во овој момент и каде одиме? Човекот и човештвото се на крстопат и се прашуваат по кој пат да појдат. За нас христијаните нема двоумење. Во светото Евангелие Господ Исус Христос вели: ‘Јас сум Пат, Вистина и Живот’“ (Јован 14,6).[23] Широчината на Доситеевиот светоглед се потврдува во неговите проповеди, посакувајќи сите луѓе на земјата да можат да ја споделат меѓусебно евангелската радост, како што „и светата Црква секогаш учела дека целиот свет е еден дом и дека сите луѓе се браќа и чеда Божји“[24]. Во една друга пригода архиепископот ќе ги истакне придобивките на христијанството за целото човештво: „Ширејќи се во светот меѓу луѓето преку Црквата, христијанството ги препородило народите... Бракот е издигнат на најголема морална височина, до света тајна, до сличност на Христос и Црквата (Ефес 5, 23–33) и осудено е блудството со брачните деформации во сите форми (Рим 1, 24–31; Мат 5, 27–33). Воспитувањето на децата насочено е во ‘науката и стравот Господов’ (Ефес 6,4)... Социјалните разлики биле осудени и сведувани на слободна и соодветна подеднаквост (2Кор 8, 13–14)... Доаѓањето Христово нè обврзува и ние со радост да Го дочекаме и да живееме според Неговите заповеди во личниот, семејниот и општествениот живот.“[25] Во пастирската проповед изговорена на неделата на православието во тогашниот соборен храм

21 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1977) 42.

22 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 29–30.

23 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1974) 35.

24 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1974) 34.

25 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1972) 203.



„Свети Димитриј“ во Скопје, тој ќе истакне: „И денес можеби има филозофи, кои за христијанството и православието велат дека ќе се уништат, дека им нема место во иднината... А победата на православието сте вие, вашите чисти срца, вашата непоколеблива вера. ‘Јас сум патот, вистината и животот’ (Јован 14, 6), рече Господ Исус Христос. И еве, вие сте овде. Овде сте зашто одите по правиот пат на богопознанието... И нека не се плашат срцата ваши. Радувајте се и веселете се, зашто сте достојни Христови чеда.“[26]

„Нека биде Твојата волја“ – познатиот стих од молитвата Оче наш изговорена од Христос, а запишана во Евангелието, според архиепископот Доситеј би требало да биде водилка во животот на секој христијанин, притоа угледувајќи се на големите примери од историјата на црквата и оние забележани во Светото писмо. На 7 април, на празникот Благовештение, во скопската црква „Свети великомаченик Георгиј“ во Чаир, со своето поучно слово созцрателно ќе истакне: „Еве што е напишано за овој свет настан во Евангелието според Лука (Лука 1, 26–38)... Дотогаш Света Дева Марија не знаела ништо за Божјиот план; не знаела дека била избрана да Му стане Мајка на Богочовекот, но Света Дева не се обидуваше да ја разбере тајната што и ја откриваше архангелот Божји, туку побрза да ја искаже својата послушност спрема Бога велејќи: ‘Еве ја слугинката Господова, нека ми биде по зборовите твои’ (Лука 1, 38). И вистинските христијани не се трудат да ги сфатат тајните на Божјата вистина и на Неговата премудра промисла, туку да ја извршуваат Неговата света волја... Целиот свет е една голема тајна, во која малкумина можат да навлезат... Колку повеќе ја исполнуваме Божјата волја, толку повеќе ќе ни открие Бог од своите многубројни тајни, но, пред сè, ќе ни ја открие најголемата и на спасоносната тајна, тајната над тајните: дека Бог толку го засака светот и човекот, та заради нас и заради нашето спасение слегна и се овоплоти од Светиот Дух и Марија Дева.“[27]

Љубовта Божја е толку голема што подеднакво се обраќа на секој човек, затоа што Божјиот збор запишан во Светото писмо е упатен кон секого од нас и преку него Бог постојано сите нè повикува. Така размислува и мудриот архиепископ, кога ќе потсети: „(Бог) често доаѓа и чука на вратата од нашето срце, за да Му отвориме, за да може да ни ги даде Своите богати дарови. Спасителот вели: ‘Еве, стојам пред вратата и чукам; ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него и тој со Мене’ (Откр 3,20). Никогаш не треба да заборавиме оти... ако не Го примиме сами сме виновни што се лишуваме од Неговите богати дарови... Господ Исус Христос е духовната и моралната светлина на светот. Он е

26 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 40.

27 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 42–43.

'вистинска светлина, која го осветлува секој човек што доаѓа на свет' (Јован 1,9). Оваа светлина нè води, нè украсува, нè радува. Без Христа – светот би бил темнина... Она што е сонцето за овој свет, тоа е Христос за нашата душа."[28] – „Бог е љубов (1 Јован 4, 8) и затоа 'толку го возљуби светот, што Го даде Својот единороден Син, та секој што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен' (Јован 3, 16). За да не згасне љубовта меѓу луѓето, Спасителот врз Својата спасителна крв ги утврди темелите на Својата света Црква, во која преку Светиот Дух се изли сета Божја благодат, за да биде пред луѓето видлив извор за спасение, брод кој низ бурното море на животот ги води луѓето кон тивкото бесмртно пристаниште. Од силата на Божјата љубов и благодатта изразени во светата Црква Христова, нашиот народ со векови се напојувал и облагодатувал за да им одолее на искушенијата и да може во ден светол, во ден создаден од Бога за радост и веселба, да го прославува денот кога меѓу луѓето се раѓа Единосуштниот со Отецот, преку Кого се станало, и бе кого ништо не постои што постои (сп. Јован 1)."[29]

Христовото спасително дело има смисла само ако ние го прифатиме и преку нашиот живот направиме тоа да се оствари. „Напразно Господ Христос се роди на земјата... ако ние, раководејќи се од лажни радости, не сме вкусители на Неговата богата трпеза, на која Самиот Син Божји е 'леб на животот' (Јован 6, 35). Ако сакаме да одиме по патот, по кој нема да застраниме, ако сакаме да се заштитиме од многуте заблуди кои нè демнат, и ако сакаме да се здобиеме со блажена бесмртност на нашите души, треба да тргнеме по новородениот Богомладенец, зашто Тој е 'патот, вистината и животот'" (Јован 14, 6).[30] Според размислувањето на архиепископот Доситеј, Христос е нашето спасение, од кое не смееме да се откажеме. „Ако е Бог со нас, кој ќе е против нас" (Рим 18,31) и „кој ќе нè одвои од љубовта Божја: тага ли, неволја ли, или гонење, глад ли, или голотија, опасност или меч: Во сето ова победува Оној Кој нè возљуби" (Рим 8,35 и 37). Тоа го потврдија безбројните христијански маченици, кои со своите животи посведочија дека, ако и умреме за Христа, ќе живееме (Дела 4, 13), а тоа го потврдија и нашите прадедовци, кои по цена на саможртви и крвавења низ векови ја чуваа својата православна вера, за да го запазат своето достоинство, својата чест и човечност"[31]. И во сето ова, најголемите непобедливи орудија се верата, надежта и љубовта кон Бога и кон човекот. Па, така, архиепископот Доситеј уште еднаш ќе поучи на кој начин љубовта се потврдува на дело:

28 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1976) 170.

29 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 166.

30 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 171.

31 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 170–171.



„Знае нашиот народ дека Господ ги љуби оние што го љубат. Поучени од својот Спасител, и ние треба својата љубов и милост најнапред да ја изливаме врз слабите, нејаките и болните. Да ги помагаме оние кои имаат потреба од нашата помош, да се молиме за заблудените и нив Господ да ги избави и спаси. Притоа, ние треба да знаеме дека не даваме ништо свое, туку од она што Бог нам ни го подарил. Затоа, да ја отстаниме себичноста од нашите срца и да ги исполните со милост и кротост, зашто само 'милостивите ќе бидат помилувани и само кротките ќе ја наследат земјата'" (Матеј 5,8 и 5)[32].

## ЗА ГРЕВОТ И ПОБЕДАТА НАД ГРЕВОТ ПРЕКУ ХРИСТОВОТО ОВОПЛОТУВАЊЕ И ВОСКРЕСЕНИЕ

Темата за гревот и спасението од гревот и смртта преку Христовото овоплотување, крст и воскресение е често присутна во речиси сите беседи на архиепископот Доситеј, иако за тоа, сепак, најмногу се говори во празничните посланија по повод големите христијански празници Божик и Велигден. Но, примерите од изговорените слова што следуваат, ќе посведочат колку за архиепископот Доситеј е важна оваа библиска и богословска тема. Во втората недела од велигденскиот пост во црквата „Свети Спас" во с. Драчево, тој во своето слово ќе говори за гревот и покајанието, па ќе каже: „Сите ние сме грешни луѓе. И Господ во денешното свето евангелско четиво не му вели само на болниот: стани и оди. Не, Господ со тоа сакал да ни рече на сите нас, на сите христијански генерации, да останеме во светото Евангелие, оти гревовите се причина за сите болести... Господ вели дека најнапред треба да се ослободиме од гревот, зашто е полесно да се рече стани и оди, отколку да се биде ослободен од силата на гревот. Така и ние, како и секогаш, така и денес, не дојдовме овде, во овој свет храм, само да се видиме, туку, пред сè, да се поклониме пред Господа и да речеме: Господе, грешни сме пред тебе. Прими го нашето покајание и подај ни здравје на душите и телата наши, не по нашата заслуга, туку по големата милост Твоја."[33]

Светото писмо јасно говори дека борбата со гревот и победата над гревот се неможни без Христа. „Кој може човекот да го ослободи од неговите страшни непријатели? Само Оној кој е појак од нив. А има ли за човекот поголем непријател од ѓаволот? И има ли поголема сила од Бога што може да го сотре ѓаволското семе на гревот? Нема друго име под небото со кое човекот би се спасил освен името Христово (Матеј 16,16). Затоа, да се биде христијанин значи да се живее живот со Христа (Гал 2,20), да имаме ум Христов (1Кор 2,16). Да се облече-

32 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 171.

33 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 41.

ме во Христа, зашто Тој денес е облече во тело."[34] – „Тој е во нас зашто е наше спасение, зашто 'под небото нема друго име дадено на луѓето, со коешто би можеле да се спасиме' (Дела 4,12). Само накалемувајќи се на Стеблото, Кое е богомладенецот Христос Господ, Кој 'заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небото' и како вистински Бог прими човечко тело, изедначувајќи се со нас во се освен во гревот, не изедначи сите нас со Себе – со Бога, та секој 'што верува во Него, да не погине, но да има живот вечен'" (Јован 6,40).[35]

На 7 април, на празникот Благовештение, во скопската црква „Свети великомаченик Георгиј" во Чаир, со своето поучно слово архиепископот Доситеј потсети: „Стенкале луѓето под претешкиот гревовен товар, крепени со надежта дека ќе дојде денот кога Бог ќе го испрати Избавителот, за да ги спаси од демонската сила и да биде обновен сојузот меѓу луѓето. Многумина почнале да очајуваат, да мислат дека Бог не мисли за нив и дека за секогаш ги отфрлил. Бог никојпат не престанувал и не престанува да ги сака луѓето и да промислува за нив и за нивното спасение. Но, Божјите планови не секогаш им се достапни на луѓето."[36] На друго место, пак, оваа размисла ќе ја продлабочи со зборовите: „Бог го создал човекот за негниење и го направил образ на своето вечно битие; но по зависта на ѓаволот, смртта влезе во овој свет (Премудрост Соломонова 2, 23–24). Таа е непослушност кон Бога од страна на луѓето. Таа е 'плата за гревот' (Рим 6, 23). Преку грешните прародители на човештвото 'гревот влезе во светот преку еден човек, преку Адама, а преку гревот смртта, и по таков начин смртта прејде на сите луѓе' (Рим 5, 12)... Но, милостивиот и премудар Бог не дозволи да загинат неговите созданија. Тој толку го засакал светот, што го испратил Својот Единороден Син да постане и човек во сѐ, освен во гревот, 'та преку смртта да го победи оној, кој ја имал власта над смртта, односно ѓаволот, и да ги избави оние што пред страв од смртта преку сиот живот беа подложени на ропство' (Евр 2, 14–15)"[37].

Се поставува прашањето: „Зошто се роди Христос? Што му донесе Тој на светот и каква е Неговата улога во овој свет? Самиот Тој добро објаснил кога рекол: Јас за тоа се родив и за тоа дојдов на светот, за да ја сведочам вистината... Јас сум вистина, пат и живот" (Јован 18,37; 14,6). За да ги научи луѓето на вистината, „одеше Исус по сите градови и села, и поучуваше по нивните синагоги, го проповедаше Евангелието на Царството и лекуваше секаква болест и немоќ во народот" (Матеј 9,35), па ги испрати

34 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 166.

35 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1977) 170.

36 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 42.

37 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 34.



Своите ученици и нивните наследници во целиот свет во сите времиња со заповед тоа Негово дело да го продолжат: Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал; и, ете, Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот" (Матеј 28,19-20).[38] „Бог ги посетува Своите луѓе во овој свет. Секоја од тие посети е прекрасна средба за луѓето, но најпрекрасна од сите е посетата што ни ја направил нашиот Спасител, Единородниот Син Божји, Кој за Себе вели: 'Јас сум алфа и омега, почеток и крај, првиот и последниот (Откр 22, 13)'". Токму преку оваа посета Бог ни покажал колку го засакал светот, колку ги сака луѓето. Во светото Евангелие е речено: „Бог толку го засака светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не погине, но да има живот вечен" (Јован 3,16).[39] „Синот Божји се роди, стана човек, за да можеме и ние да бидеме синови Божји. Дојде на земјата, поживеа меѓу луѓето и се понизи, за да нѐ издигне до небеската слава и да нѐ прослави во царството на Својот Отец".[40]

Главната победа над гревот и смртта се остварува преку Христовото воскресение, кое е залог и за нашето воскресение. „Воскресението Христово е историски настан кога силата на Богочовекот Христос го уништува пеколот, ја укинува смртта, а со слава и признание ги овенчува маченициите и страдалниците на Христовата вера, зашто Христос умре поради нашите гревови (1Кор 15, 3), а 'бидејќи смртта дојде преку човекот, така и воскресението од мртвите стана преку човек' (1Кор 15,21)... 'Воскресението Христово е нашата гаранција за вечен живот, зашто Самиот Господ Исус Христос вели: Јас живеам и вие ќе живеете' (Јован 14,19), а "ако, пак, Христос не воскресна, тогаш ќе беше празна нашата вера и нашата проповед' (1Кор 15,14), вели светиот апостол Павле."[41]

Бог го спасува целото човештво, од сите времиња, па дури и оние што живееле пред Христа, а се наоѓале во адот. За тоа сведочи Светото писмо, за тоа говори и архиепископот во своите слова: „Господ Исус Христос, бидејќи совршен Бог и совршен човек, доброволно, за да ги спаси луѓето, слегол во адот, нив ги уништил со блесокот на Своите божество, како што сонцето при изгрев ги растура темнините. 'Слегна пред тоа во најдолните места на земјата. Слегна Истиот, Кој се издигна повисоко од сите небеса, за да исполни сѐ (Еф 4,9-10). При тоа, Тој стан 'Првенец од умрените' (1Кор 15, 20)... Преку Своето воскресение (Тој) постави нов закон на човечкото постоење и движење: 'како што Адам

38 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1972) 202.

39 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1976) 170.

40 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 6 (1976) 171.

41 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1974) 34.

сите умираат, така по Христа сите ќе оживеат', ќе воскреснат последниот ден сите што се во гробовите, а кои се затекнат живи, ќе се преобразат во небесен живот (1Кор 15, 22; Јован 6, 40; 1Сол 4, 16–17)"[42].

Христос воскресна и со тоа стана залог за нашето воскресение. Во таа насока, Доситеј радосно слови: „Воскресението Христово сите нас нè обврзува да го сметаме за почеток и на нашето воскресение, та да придонесуваме се од наша страна да живееме според Неговото Евангелие. 'Како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, така и ние да одиме во обновен живот' (Рим 6,4)"[43]. „Овој ден го создаде Господ за да се радуваме и да се веселиме во него (Пс 117,24), зашто во овој ден Христос воскресна од мртвите, со смртта смртта ја победи и на оние што беа во гробовите живот им даде, а нам ни дарува живот вечен. Со тоа Господ го изврши најголемото чудо, зашто 'откако воскресна од мртвите, нема веќе да умира; смртта веќе нема власт над него' (Рим 6,9). Зашто Тој со полно право беше рекол: 'Бев мртов и, ете, жив сум за сите векови! Амин!' (Откр 1,18)"[44].

## ЗА ПАСТИРСКАТА ОДГОВОРНОСТ ВО ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА ЕВАНГЕЛСКАТА ПОРАКА

Во својот говор по повод 10-годишниот јубилеј од отворањето на Богословијата „Свети Климент Охридски" – Скопје во 1977 година, архиепископот Доситеј ќе потсети: „Да бидеш пастир на стадото, значи да си најблизок ученик Христов. А оној кој живее живот Христов, нема да вкуси смрт, туку само ќе помине во вечноста Христова."[45] Архиепископот говори врз основа на своето долгогодишно искуство, со целосна посветеност и непрекината грижа за своето паство, па затоа ги советува и идните пастири одговорно да го прифатат својот позив. Во втората недела од велигденскиот пост во црквата „Свети Спас" во с. Драчево, архиепископот ќе им се обрати на младите богослови: „Така и вие, драги деца, ученици во нашата Богословија, треба да знаете дека не е достатно само да ги учите и научите богословските науки – главно е да сфатите дека треба да живеете според Христовата наука, да бидете Христови последователи и ученици, и на тој начин добро да се подготвите да бидете достојни служители на светиот олтар... Утре да ги замените не само старите свештеници туку и старите владици, зашто вам ви останува иднината на Светоклиментовата православна црква. Се разбира, нема секој од вас да биде ни владика, ни она што тој мисли и сака да биде, туку она што Господ го промислува."[46] Споменот и почитта кон сите претходни пастири и свештеници е цврста подлога за благословено продолжување на апостолската мисија. Уште во 1967 година, по повод 150 години од излегувањето во печат на Огледало на Кирил Пејчиновиќ и 150 години од обновата на манастирот во Лешок, архиепископот Доситеј го одбележа поставувањето на спомен-гробницата со следниве зборови: „Помнете ги вашите наставници што ви го проповедаат словото Божјо и, имајќи го пред очи крајот на нивниот живот, подражавајте ја нивната вера (Евр 13,7)... Секој народ во својот историски и културен растеж ги вткајува имињата на своите најголеми синови. Со својата силна светлина на слава, нивните образи светлат во душите и срцата на поколенијата."[47]

Сепак, најсилното пастирско сведоштво е содржано во Доситејовиот говор при изборот за архиепископ охридски и македонски и скопски и прв митрополит Македонски: „Јас денес од вас го примив Христовиот јарем, кој со голема љубов спрема црквата и својот народ ми го дадовте да го носам. Го примив со голема љубов и не се плашам од него, бидејќи Христовиот јарем и товар се лесни кога се носат со пожртвувана љубов (сп. Матеј 11, 29–30)... Ќе го проповедам Евангелието на Христовата љубов, ќе ги ширам братството меѓу нашите народи и ќе докажувам дека сите сме едно бидејќи сме синови на еден Отец Кој е на небесата и затоа му должиме на Светиот Дух да живееме во единство."[48]

Архиепископот Доситеј достоинствено го продолжи делото на Свети Климента и Свети Наума и потоа на славните охридски архиепископи. Со тоа даде пример, а воедно им остави и аманет на идните генерации – со уште поголем елан и посветеност да се вградат во иднината на својата црква и татковина. Тој останува светол пример и за сегашните и за идните црковни водачи за тоа како треба да ѝ се служи на цветата црква, на својата вера, на својот народ, зашто таков е добриот „пастир, кој за своите овци ја полага душата своја" (Јован 10, 11). Неговото целокупно дело, неговите говори и проповеди и целата негова активност во врска со обновувањето и организирањето на возобновената Охридската архиепископија како Македонска православна црква, го вбројуваат меѓу личностите што дале исклучителен придонес за целиот православен народ во Македонија.

За архиепископот Доситеј словото Божјо е „како дождот и снегот што паѓаат од небото, ја напојуваат земјата и ја прават способна да

42 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 34.
43 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 35.
44 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1980) 42.
45 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 127.
46 Весник, Службен лист на Македонската православна црква 2 (1975) 42.
47 Доне Илиевски, *Архиепископ охридски и македонски Доситеј*, 176.
48 Весник, Службен лист на Македонската православна црква, вонреден број (1977) 21.

раѓа и да зеленее, како оган и чекан што крши карпа, но и како духовна храна послатка дури и од восочен мед“ (Иса 55, 10, Ер 23, 29; Пс 18, 11). Впрочем, и целата негова проповедничка дејност се заснова врз сознанието дека не е доволно само да се поседува Светото писмо, не е доволно само да се чита, треба и да се разбере и да се проникне во него, но и дека најважно е според Светото писмо и да се живее.



Архиепископот Доситеј за време на прославата по повод неговиот јубилеј 50 години од монашењето во манастирот Воведение на Пресвета Богородица - Пречиста, Кичевска

Д-Р СТЕФАН ГОГОВСКИ
АСИСТЕНТ

# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ КАКО ЦРКОВЕН ОБНОВИТЕЛ, ГРАДИТЕЛ И ВОЗОБНОВИТЕЛ

## МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА И ПАТОТ ДО ВОЗОБНОВУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

Во 1767 година, во времето на охридскиот архиепископ Арсениј II (1763-1767), под влијание на константинополскиот патријарх Самоил Ханџери (1763-1768), од страна на турскиот султан Мустафа III (1717–1774), со ираде, неканонски, била укината Охридската архиепископија. Од тој момент македонскиот народ постојано му се молел на Бога за што поскоро обновување[1]. По Втората светска војна (1937 –1945) и конституирањето на македонската држава во рамките на Југословенската Федерација, се создале поволни услови за обновување на Охридската архиепископија. Македонскиот народ, заедно со своите свештеници, во текот на Народноослободителната војна издејствувале создавање Верско повереенство. Веднаш потоа во селото Изделглавје било

1 Сп. Митрополит Јосиф, „Прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква на третиот македонски црковно-народен собор“, во *Огледало, Тетовско-гостиварска епархија*, 8–9 (2017), 8–21, овде 9; И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, том 1, София 1995, 119–155.